Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт на ден_____________ година, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирње на градежна парцела за изградба на градби за производство на експлозивни производи и муниција " САМОКОВ" Општина Македонски Брод., кој го донесува Министерството за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирње на градежна парцела за изградба на градби за производство на експлозивни производи и муниција " САМОКОВ" Општина Македонски Брод., се определуваат: општина Македонски Брод , Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на член 1,став (1), алинеја 3 и 4 од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина, а се дефинирани како ( генерално определени проекти ) за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирње на градежна парцела за изградба на градби за производство на експлозивни производи и муниција " САМОКОВ" Општина Македонски Брод, може да има влијание врз животната средина од следните причини:
Во прилог II , во точка 4 (Производство и обрабоотка на метали) , став (з) "Производство и сместување на барутни полнења и експлозивна муниција" Реализацијата на урбанистичката документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирње на градежна парцела за изградба на градби за производство на експлозивни производи и муниција " САМОКОВ" Општина Македонски Брод , е во граници на постоечкиот локалитет .

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

**Министер за транспорт**

**Александар Николоски**

**Бр.67-769/9**

**05.11.2024 година**

**Скопје**